РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2745/4
27-08-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 1, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, на триесет и седмата седница, одржана на ден 25.08.2020 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

Наводите дека Нина Ангеловска – министер за финансии во техничката влада на РСМ извршила повлекување на депозит од Еуростандард банка врз основа на информации и податоци што ги добила по службена должност како член на Комитетот за финансиска стабилност при Народната банка на Република Северна Македонија НЕ СЕ ПОТВРДЕНИ.

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 09-2745/1 од 18.08.2020 година поради што предметот СЕ ЗАПИРА и истиот да се затвори и архивира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, поведе постапка по службена должност заради утврдување на постоење на судир на интереси на службеното лице Нина Ангеловска- министер за финансии во техничката влада на РСМ, по наводи дека податоците и информациите со кои располагала по службена должност, а кои се однесуваат на мерките и активностите што ги презема Народна банка на РСМ во однос на одземање на дозволата за работа на „Еуростандард Банка", ги искористила за заштита на својот приватен интерес, на начин што користејќи ги добиените информации навремено го повлекла нејзиниот депозит од оваа банка, пред Гувернерот на НБРСМ да го донесе Решението за укинување на дозволата за основање и работење на „Еуростандард банка".

Заради разјаснување на одредени прашања пред донесување на одлука од своја надлежност, Државната комисија согласно член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, на ден 18.08.2020 година ја повика министерката за финансии Нина Ангеловска во просториите на Државната комисија да даде објаснување по изнесените наводи.

Министерката објасни дека до моментот на донесувањето на одлуката од страна на Гувернерот на Народната банка на РСМ, службено не била информирана за состојбата со банката, ниту знаела дека ќе

дојде до нејзино згаснување. Депозитот кој што го имала во банката е искористен за решавање на станбеното прашање т.е. купување на стан, која активност ја реализирала во текот на месеците јануари - мај 2020 година. Министерката истакна дека договорот за купопродажба на стан е склучен на ден 20.05.2020 година, а трансферот на средства бил извршен на ден 04.06.2020 година, што значи дека депозитот бил повлечен пред донесување на било каква одлука за иднината на „Еуростандард Банка".

Решението за укинување на дозволата за основање и работење на „Еуростандард банка" АД Скопје е донесено на 12.08.2020 година.

Во член 43 став 2 од Законот за Народна банка е уредено дека *„Гувернерот и министерот за финансии одржуваат редовни состаноци за монетарната и фискалната политика и се информираат за други прашања од заеднички интерес."*

Заради увид во комуникацијата, начинот на споделување на информациите меѓу Гувернерот и министерот како и содржината на споделените информации, Државната комисија до Народна банка на РСМ достави барање за доставување документи, податоци и информации:

- Меморандум за соработка помеѓу Народна Банка на РСМ, Министерство за финансии и други регулаторни органи врз основа на кој е формиран Комитетот за финансиска стабилност;
- Записници од сите одржани седници на Комитетот за финансиска стабилност откако Нина Ангеловска ја презела министерската функција, односно од 01.09.2019 до 01.08.2020 година;
- Мерки и активности преземени од страна на Народната Банка на РСМ за надминување на состојбата со „Еуростандард Банка".

Во законски утврдениот рок, Народна банка ја достави бараната документација и од извршениот увид во истата Државната комисија го констатира следново:

1. Начинот на соработка помеѓу Гувернерот и министерот за финансии е пропишан во Законот за Народна банка, но подетално е уреден во Меморандумот за соработка помеѓу Народна банка и Министерство за финансии и другите регулаторни тела, каде што се предвидени: директни контакти; размена на податоци и информации поврзани со движењето на банкарскиот систем и движењата на финансиските пазари; заедничка анализа на ризиците, опасностите и степенот на финансиска стабилност; наоѓаат заеднички решенија и утврдуваат активности за управување и справување со финансиска криза и воспоставуваат планови за непредвидени ситуации.
2. Содржината на записниците од одржаните седници на Комитетот за финансиска стабилност откако Нина Ангеловска е именувана за министер за финансии укажуваат дека на седниците одржани на ден 19.03.2020 година и 30.04.2020 година не било разговарано за состојбите и проблемите во „Еуростандард Банка". Прв документ каде што се нотирани информации поврзани со работењето на банката е записникот од седницата на Комитетот одржана на 04.06.2020 година.
3. Иако Законот за Народна банка на РМ упатува дека Нина Ангеловска како министер за финансии по службена должност треба да располага со податоци и информации поврзани со движењето на банкарскиот систем и движењата на финансиските пазари, вклучувајќи ги и податоците кои се

однесуваат на банката каде што таа е клиент, Законот и Меморандумот не укажуваат на обврската на Гувернерот тоа да го прави редовно со писмена коресподенција.

Во услови кога не постојат писмени записи за споделени информации за состојбата на Еуростандард Банка како и за планираните мерки на НБРСМ, Државната комисија за спречување на корупција не може да ги потврди наводите дека одлуката на Нина Ангеловска за повлекување на депозитот од банката се должи на информациите и податоците што ги добила по службена должност како министер и на тој начин за себе остварила корист/предност пред останатите штедачи на банката.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
Катица Николовска, член на ДКСК